# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИ ФОРУМСКИ СЕСИИ (1)

Во Вардарски плански регион

| | |
|---|---|
| **Координатор:** | Душица Габерова |
| **Модератор/ко-модератор:** | Игор Тасевски / Душица Габерова |
| **Период на известување:** | Прва и втора форумска сесија во период: |
| **Датум на извештај:** | 16.12.2022 |

*Забелешка:*

*Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период.*

## 1. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### *1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)*

*Опишете ги подготвителните активности за организирање на форумските сесии и форумскиот процес (избор на модератор, ко-модератор, членови на ОГ, распределба на улоги и задачи за спроведување на форумскиот процес).*

*Пред форумските сесии ....*

На почетокот се направи структурирање на тимот. После изборот на модератор и ко-модератор се избра и оперативната група. Се воспостави добра комуникација меѓу избраните во тимот. Се комуницираше со сите општини кои учествуваат на форумот односно се информираа за ограничениот број на учесници од општина и предложената структура на истите. Беше инфомрина јавноста за почетокот на новиот форумски процес во рамките на Вардарскиот плански регион. Прво се избра сала за реализација на форумите.

*На првата форумска сесија ....*

Пред форумот до сите општини беше испратена покана и Дневен ред за присуство на сесијата. На првата сесија имавме присуство од претставници од сите општини. Присуството на форумот одговараше со препораките од прирачникот и имаше повеќе од 40% жени и повеќе од 20% млади на прават форумска сесија. Оперативната група одлично ја имаше завршено својата работа со подготовката на материјалите за првиот форум, тие беа испечатени и поделени на сите учесници. Изборот на салата одговараше на потребите на форумот. Реализацијата на форумот се одвиваше според предвидениот план, а

оперативната група, модераторот и ко-модераторот беа со присутните и одговараа на нивните барања.

На сесијата во првиот дел беа избрани приоритетни области (2) и беше воспоставена структурата на форумот. Во вториот дел се работеше на идентификување на проблемите и потребите во регионот поврзани со избраните области. На форумот присуствуваше експертот и ги имаше сите информации пред да започне со подготовката на концептите.

*На втората форумска сесија....*

Пред втората форумска сесија се користеше истата практика на информирање на учесниците од сите општини за времето и место на одржување на форумот. На оваа сесија присуствуваа од претставници од сите општини. На оваа сесија имаше 53% жени со што се одговори на препораките од прирачникот да имаше повеќе од 40% жени. Тимот кој го подготвуваше форумот ги подготви, подели сите потребни материјали и за време на одржување форумот придонесе за беспрекорно одржување. И овој форум се одржа во салата во која се одржа првиот форум и одговараше на потребите на форумот.

На оваа сесија ангажираниот надворешен експерт пред присутниот форум ги презентираше седумте подготвени концепти, со содржината на проектот, но и негово влијание во средината. После секоја презентација имаше простор за коментари и дополнувања што беше и практично искористен од присутните. Потоа следеше просец на рангирање на проектите од страна на форумот. Имено прво беше презентиран начинот на гласање, од страна на модераторот, потоа секоја работна маса одлучуваше, рангираше самостојно, па следеше презентирање на гласовите кои беа внесувани во табела која се следеше во салата и на крај се доби конечната листа на рангирани проекти од форумот.

*Опишете ги користените техники на информирање и мобилизација на граѓаните за форумските сесии и за средбите на работните/оперативната групи/-а (покани, телефон, постери, билтени, веб страна, социјални мрежи, медиуми и сл.).*

- После изборот на модератор , ко-модератор и оперативна група се направи распределаба на обврските на сите во тимот и имавме добра меѓусебна координација. За темстаката-содржинската координација беше одговорен модераторот, а за организационаата ко-модераторот. Членовите на Оперативната група сите добијаа свои обврски кои успешно ги спроведуваа во организациските – техничките подготовки на сесиите и за време на нивната реализација.

По екипирањето се започна со подготовка на форумските сесии. Најпрво се одреди распоредот на форумските сесии 2, 1 во месец ноември и 1 во месец декември.

Оперативната група, модераторот и ко-модераторот меѓу себе се информираа електронски и телефонски и имаа серија на договорни и организациски состаноци за успешна реализација на сесиите.

Општините беа по неколку пати информирани за сесијата и на неколку начини. Им беше испратена покана и дневен ред за првата сесија, а информацијата беше поставена и на веб страната на Вардарски плански регион. Имавме неколку телефонски разговори за потврда за учеството на претставниците на регионот на првата форумска сесија.

За информирање и мобилизација на присуство на втората форумска сесија се користеше принципот од првата форумска сесија по неколку пати беа информирани за сесијата и на неколку начини. Им беше испратена покана и дневен ред за првата сесија, а информацијата

беше поставена и на веб страната на Вардарски плански регион. Имаше и телефонски разговори за потврда на учеството на учесниците на втората форумска сесија.

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии (како течеше мобилизацијата на граѓани, дали и какви состаноци се одржани во ЕЛС и други релевантни чинители).*

**Оперативната група** имаше неколку средби пред организирањето на првата и втората форумска сесија и присуствуваа сите членови во комуникација со модераторот. Овие средби се реализираа и физички и електронски. На состаноците се правеше план за форумот, поделба на обврски, се договараше подготовката на документите потребни за сесијата, администрацијата на истата и слично. Договорите беа и во делот на мотивацијата на граѓаните за нивно вклучување на форумските сесии, односно нивните активности.

**Останати важни средби**

Редовно се одржуваа средби на модераторот, ко-модераторот, односно координаторот на проектот. На овие средби се правеше план и поделба на обврските за реализацијата на форумските сесии. Првата средба беше за координирање на процесот, изборот на тимот на Оперативната група, потребните ресурси за процесот и слично. Потоа пред и после форумските сесии) се одржуваше координативен состанок за сесијата.

Координативни состаноци со раководителот на Вардарски плански регион. Координаторот имаше состаноци со раководителот, еден пред почетокот на форумските сесии за запознавање со процесот, и содржината на истиот и една после сесија за информирање на резултатите од истиот.

Имавме средби со експертот ангажиран за подготовка на концептите – проектите во рамките на форумите.

***Преглед на профилот на членови на ОГ***

| **Вкупен број на членови на оперативната група** | **Мажи/жени/ млади** | **Етничка застапеност** |
|---|---|---|
| 6 | 4 жени<br>2 мажи | Македонци |

## 1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ и АКТИВНОСТИ МЕЃУ СЕСИИ

Дадете кратки информации за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување во текот на форумските сесии и помеѓу форумски сесии.

### *1.2.1. Форумски сесии*

Дадете информација за број/дата на одржани сесии и број на присутни учесници и нивна структура (етничка и родова застапеност) како и припадност на некоја од ранливите категории[1] според општиот список на учесници.

[1] Овој податок се вади од прашалникот за евалуација

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност и етничка припадност според оптитиот список*

| **Сесија** | | | **1** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| **Дата на одржување** | | | **04.11.2022** | **14.04.2022** |
| **Вкупен број на учесници - вкупно (# млади под 34 години)** | | | **53** | **41** |
| **Број на учесници од општ список** | **Пол** | **М** | 22 | 19 |
| | | **Ж** | 31 | 22 |
| | **Етничка припадност** | **Мак** | 53 | 41 |
| | | **Алб** | | |
| | | **Тур** | | |
| | | **Срп** | | |
| | | **Вла** | | |
| | | **Ром** | | |
| | | **Др** | | |
| | **Припадници на ранливи категории** | *Наведете кои:* | | |

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност според списоците по работни маси*

| **Работна маса** | **Сесија 1** | | **Сесија 2** | |
|---|---|---|---|---|
| | **м** | **Ж** | **М** | **ж** |
| **Млади** | | **6** | | **9** |
| **Животна средина** | **3** | **6** | **3** | **7** |
| **Обрззование** | **3** | **3** | **4** | **4** |
| **Туризам** | **4** | **3** | **6** | **4** |
| **Спорт и рекреација** | **5** | **3** | **5** | **4** |
| **ВКУПНО** | **15** | **21** | **18** | **28** |

*Опишете го текот на форумските сесии и нејзините постигнувања врз основа на дневниот ред по сесија:*

| **сесија** | **главни точки на дневниот ред** | **главни цели на сесијата** | **опис на главните презентации** *(тема на презентација и презентер)* |
|---|---|---|---|
| ***1*** | 1. Избор на приоритетни области за проектите финансирани од Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативни средства за 2024 година на Бирото за регионален развој<br><br>2. Структурирање на форумот/распределување по работни маси, утврдување на правила за работа,<br><br>Презентација на форумскиот процес<br><br>3. Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со **избраните области** со кои се соочува планскиот регион, а кои се финансирани од Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативни средства за 2024 година на Бирото за регионален развој. | Избор на приоритетни области.<br><br>Формирање структура на форумот<br><br>Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области и под области. | Модератирот и ко-модераторот со својата презентација присутнте ги запознаа со форумскиот процес во целост, со пограмите и областите.<br><br>Со запишување и избор на учесниците беше утврдена структурата на форумот – односно работните маси.<br><br>Се дефинираа приоритетните регионални проблеми поврзани со идентификуваните области. Се направи групирање на заедничките проблеми и се дадоа предлози за изработка на концепти - предлог проекти. |
| **2** | 1.Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот експерт, а финансирани од Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативни средства за 2023 година на Бирото за регионален развој<br><br>2. Презентација на начинот на рангирање<br><br>Рангирање по работни маси<br><br>Соопштување на резултатите | Презентирани предлог концептите<br><br>Рангирање на концептите од присутните на форумот | Експертот кој ги подготвуваше концептите ги презентираше пред форумот и имаше прашања и коментари после презентацијата на секој од 7 концепти.<br><br>Од модераторот беше презентиран начинот на гласање, потоа се рангираше по работни маси и на крај јавно се презентираа гласовите и соопштија резултатите. |

*Опишете го текот на дискусии за време на форумските сесии:*

| **опис на главните дискусии** | **број на дискусии и дискутанти** *(жени/мажи, етничка припадност, сектор од кои доаѓаат)* | **опис и содржина на дискусијата** *(конкретното прашање или коментар по одреден проблем, конкретната идеја или предлог)* |
|---|---|---|
| ***сесија 1*** | *(жени - 4, мажи – 3, етничка припадност – 7 македонци, сектор од кои доаѓаат – 6 од јавен сектор и 1 од невладин сектор)* | *Пет презентации на проблеми по работни маси. Две прашања по однос на презентациите.* |
| ***сесија 2*** | *(жени - 4, мажи – 1, етничка припадност – 5 македонци, сектор од кои доаѓаат – 5 од јавен сектор)* | Јадранка Стефкова од општина Велес побара од страна на учесниците на форумот да го дообјасни концептот „Зајакнување на капацитетите за развој и промоција на туризмот во општините Велес, Градско, Неготино и Росоман," истиот само за нивниот дел од проектот, односно за изработката на патеката на европската култура во Вардарскиот плански регион преку реконстрикција на локалитет Конструница со илустративна презентација. Од страна на форумот и беше дозволено.<br>Лидија Пљакова од општина Чашка постави прашање за висината на буџетот на концептот „Развој на инфраструктурата за подобар економски развој во Вардарскиот регион, преку изградба на пазар за продажба на земјоделски производи- втора фаза", и доби одговор од страна на експертот за дека истиот изнесува 8.298.991,47 денари.<br><br>Ивица Арсов од општина Свети Николе имаше коментар во однос на корисниците на проектот „Подобрување на условите за спорт и рекреација во образованието, во општина Свети Николе" дека покрај ученици од средното школо во општина Свети Николе, можат да се вклучат и други ученици од училишта од други градови и региони, со оглед на фактот дека Свети Николле е на граница со Источниот регион.<br><br>Јадранка Стефкова од општина Велес постави прашање колкава е должината на канализационата мрежа која ќе се проширува во концептото „ Зачувување на животната средина во Вардарскиот плански регион, преку проширување на канализационата инфраструктура во општина Демир Капија", експертот одговори дека вкупната должина на трасата за изградба на фекалната канализација изнесува 1.379,86 m. Истот така. Јадранка додаде дека овој предлог концепт има и туристичка копонента со тоа што канализационата мрежа ќе поминува низ туристички локалитет.<br><br>Елица Николова директор на Народниот музеј во Велес, за концептот „Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на пат во општина Чашка" даде коментар дека општина Чашка по територија е најголема општина во регионот и има големо скриено богатство кое што е тешко е достапно поради тоа што нема достапни изградени |

| | | |
|---|---|---|
| | | патишта, поради руралната средина. Има многу голема заинтересираност за посета на тие наоѓалишта и затоа треба да се поддржи овој проект. |

*Табела согласно активности по сесија (се преземаат од записник)*

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Р. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **инфраструктура** | ЦРВПР | Освоени 29 глас **прво рангиран/избран** | / |
| **2** | **економски развој** | ЦРВПР | Освоени 20 гласа **второ рангиран/ е избран** | / |
| **3** | животна средина | ЦРВПР | Освоени 18 гласа трето рангиран/ не е избран | / |
| **4** | човечки потенцијали | ЦРВПР | Освоени 5 гласа петто рангиран/ не е избран | / |
| **5** | задржување на младите | ЦРВПР | Освоени 10 гласа четврто рангиран / не е избран | / |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Недостаток на културно забавни и спортски активности. | **Изградба на нови спортски терени, велосипедски и пешачки патеки во сите општини во Вардарскиот плански регион, како кино сали.** | Работната маса млади | |
| Иселување на младите. | **Изнаоѓање на интересни забавни, културни и образовни содржини за младите за поминување на нивното слободно време. Содржини коишто пред се ќе им овозможат едукација на младите лица, поразлична од класичното образование, нешто ново што ќе претставува за нив голем предизвик и секако нивна социјализација.** | Работната маса млади | |
| Недоволна вклученост на младите во економскиот развој во Вардарскиот регион. | **Младите се иднината во секое општество, затоа нивната партиципација во сите сфери на живеење е неминовна. Младите треба да имаат поголеми одлочувачки права во донесувањето на одлуките како на** | Работната маса млади | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **регионално така и на национално ниво.** | | |
| Дотрааност на старата инфраструктура (стара повеќе од 40 години). | **Поголемиот број на јавни институции располагаат со амортизирани објекти, потребно е нивно реновирање, а некаде и изградба на нови јавни институции, земајќи ги во предвид годините на старост.** | Работната маса животна средина | |
| Нерегулирана инфраструктура. | **Во делот на животна средина постојат нерегулирани инфраструктурни системи кои придонесуваат за загрозување на животната средина. Таков е примерот со регулирањето на речните корита на реките во нашата држава, и недозволување да се создадат диви депонии на брегот на речните корита.** | Работната маса животна средина | |
| Загадување на води. | **Во делот на животна средина постојат нерегулирани инфраструктурни системи кои придонесуваат за загрозување на животната средина. Таков е примерот со регулирањето на речните корита на реките во нашата држава, и недозволување да се создадат диви депонии на брегот на речните корита.** | Работната маса животна средина | |
| Немање на комплетна инфраструктура за одведување на води. | **Во делот на животна средина постојат нерегулирани инфраструктурни системи кои придонесуваат за загрозување на животната средина. Таков е примерот со регулирањето на речните корита на реките во нашата држава, и недозволување да се создадат диви депонии на брегот на речните корита.** | Работната маса животна средина | |
| Непостоење на инфраструктура на затворени пазари. | **Изградба на современи затворени пазари и зголемување на економската активност во Вардарскиот плански регион.** | Работната маса животна средина | |
| Недостаток на обновливи извори на енергија во јавните институции. | **Искористување на сончевата енергија како обновлив извор на енергија и набавка на фотоволтаици за јавните институции во Вардарски плански регион.** | Работната маса животна средина | |
| Голем регион, а мал број на ученици. | **Глобален и сериозен проблем е намалувањето на наталитетот и иселувањето од нашата држава.** | Работната маса образование | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Ова е проблем предизвикан од се почестото иселување на нашите граѓани во странство и помалиот број на новородени дечиња, кој треба да се решава на национално ниво, преку обезбедување на владини мерки.** | | |
| Стари дотрајани училишни згради и енергетски неефикасни. | **Реконструкција на училишни згради кои ќе станат енергетски ефикасни.** | Работната маса образование | |
| Недостаток на инфраструктура за спорт и рекреација. | **Изградба на нови спортски сали и терени, велосипедски и пешачки патеки во сите општини во Вардарскиот плански регион.**<br>**Со изградбата на спортски игралишта и патеки ќе се поттикнат младите за поактивно вклучување во спортот.** | Работната маса спорт и рекреација | |
| Недостаток на спортски објекти во образованието. | **Изградба на нови спортски сали и терени во образовните институции во сите општини во Вардарскиот плански регион.** | Работната маса спорт и рекреација | |
| Зголемена социјлна девијација помеѓу младата пополација. | **Спортот ги учи младите на дисциплина, одговорност и тимска игра. Преку спортот младата популација развива вештини преку кои ќе се изгради во самоуверена и храбра личност. Фокусот на младата личност која има цел е емпатична личност која е склона да помогне на секој.** | Работната маса спорт и рекреација | |
| Голем проблем е физичкиот деформитет кај младите и немање доволно термини и терени за спортување. | **Со изградбата на спортски игралишта ќе се поттикнат младите за поактивно вклучување во спортот, а со тоа и ќе се намалатат физичките деформитетите кај младите луѓе преку физичката активност како здрав начин на живот.** | Работната маса спорт и рекреација | |
| Немање на спортски настани и манифестации. | **Се препорачува во секоја општина во Вардарскиот плански регион да се организираат спортски настани на отворено или во спортска сала, во зависност од можностите на самата општина и временските услови. Идејата е да се поттикне поголема спортска рекреација со тоа што ќе се организираат граѓаните од сите етникуми (млади, стари, мажи, жени, пензионери итн)** | Работната маса спорт и рекреација | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **од сите сфери на делување, се со цел нивно здружување.** | | |
| Немање интересни спортски содржини за мотивирање на младите за поголема физичка активност. | **Се препорачува во секоја општина во Вардарскиот плански регион да се организираат спортски настани на отворено или во спортска сала, во зависност од можностите на самата општина и временските услови. Идејата е да се поттикне поголема спортска рекреација со тоа што ќе се организираат граѓаните од сите етникуми (млади, стари, мажи, жени, пензионери итн) од сите сфери на делување, се со цел нивно здружување и поголема физичка активност.** | Работната маса спорт и рекреација | |
| Немање на уредени урбани зелени површини. | **Уредување на јавни, урбани зелени површини во сите општини во Вардарскиот плански регион.** | Работната маса спорт и рекреација | |
| Не е доволно атрактивен Вардарскиот плански регион во поглед на спортска инфраструктура. | **Се препорачува општините да работат поинтензивно на изнаоѓање решенија за поддигање на спортската инфраструктура во образовните институции, но и на слободни јавни површини околу населени места, за спорт и рекреација на граѓаните.** | Работната маса спорт и рекреација | |
| Недостиг на туристичка инфраструктура (пристап и уреденост на туристички капацитети). | **Вардарскиот регион изобилува со природни богатства и атрактивни туристички дестинации. Но за да туристичката понуда биде комплетна, пред се општините задолжително треба да работат на подобрување на патна и комунална инфраструктура.** | Работната маса туризам | |
| Неискористен економски потенцијал во туризмот. | **Туризмот во Вардарскиот плански регион е тема која што е опширна и може многу да се напредува во поглед на истата. Знаејќи ги потенцијалите кои ги поседува нашиот регион, од самата местоположба до богатата историја и култура, недопрената природа, тиквешкиот вински пат, медената земја, древните археолошки наоѓалишта, височините на белоглавиот орел и многу други, треба да бидат поттик за промоција на регионот, зголемување на туристичките капацитети и атракции во регионот, а со тоа и** | Работната маса туризам | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **придонес на туризмот во регионалниот економски развој.** | | |
| Недоволна регионална интеграција во туризмот. | **Општината и регионот треба да се интегрира со сите останати клучни чинители за успшно дејствување во процесот на креирање на сместувачките капацитети, спортските активности, настаните, еколошките проблеми, туристичките атракции, транспортот, како и самата промоција на дестинацијата.** | Работната маса туризам | |
| Лоша патна и комунална инфраструктура. | **Вардарскиот регион изобилува со природни богатства кои сами по себе создаваат атрактивни туристички дестинации. Но, за да се искреира туристичка понуда на атрактивна туристичка дестинација треба општините во Вардарскиот плански регион да создадат основни услови на угостителски и сместувачките објекти каде што патната и комуналната инфраструктура сеуште е проблем.** | Работната маса туризам | |
| Слаба инклузивност на туристичките капацитети. | **Вардарскиот плански регион изработи документ Регионална програма за инклузивен туризам кој е активен документ до 2024 година. Инклузијата подразбира, вклученост на стари и изнемоштени лица, лица со проблеми со мобилност, лица со информациски и комуникациски проблеми, да можат да се интегрираат во туризмот. Општините и туристичките капацитети својот фокус треба да го насочат на инклузивниот туризам. Тоа подразбира подобрување на пристапноста и инфрастриктурата, да обезбедат достапни информации и адаптирани објекти. Достапноста се повеќе станува одлучувачки фактор во туризмот, како последица на зголемениот број на лица со попречености. Па така и придобивките ќе бидат многу позначајни за туристичките дестинации кои ќе ги надминат просторните и социјалните бариери во инклузивниот туризам и ќе понудат достапни туристички објект и адаптирана услуга.** | Работната маса туризам | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Недоволна искористеност на човечките ресурси во заедницата (НВО, бизнис сектор, млади). | **Искористувањето на човечките ресурси се од есенцијално значење во развој на туризмот. Граѓаните од терен најдобро можат да ги претстават реалните потреби. Сите граѓани од НВО секторот, бизнис секторот и млади активисти кои ја познаваат проблематиката и имаат визија за нејзино подобрување, треба да бидат клучна алка во развојот на туризмот во нашиот регион. Општините го имаат на располагање човечкиот потенцијал, треба паметно да го искористат, да не го заборават да го вклучат како клучен чинител во создавањето стратешките планови преку креирање на политиките за развој на туризмот.** | Работната маса туризам | |
| Недоволна поддршка на бизнис секторот во контекст на туристичка инфраструктура. | **Бизнис секторот треба да биде поддржан од страна на општините во поглед на обезбедување на туристичка инфраструктура која е значајна за нив и воедно и за туризмот во нашиот регион. Задоволувањето на потребите на бизнис секторот треба да бидат приоритет на секоја општина бидејќи приватниот сектор е тој кој ја движи економијата и придонесува за државата во која што делува.** | Работната маса туризам | |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| **Препорака -предлог идеа/концепт** | **Препорака за подобрување** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| 1. Зајакнување на капацитетите за развој и промоција на туризмот во општините Велес, Градско, Неготино и Росоман | Да се внимава на дигиталната компонента да биде застапена | |
| 2. Развој на инфраструктура за подобар економски развој во Вардарскиот регион, преку изградба на пазар за продажба на земјоделски производи- втора фаза | Да се внимава на дигиталната компонента да биде застапена | |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Подобрување на условите за спорт и рекреација во образованието, во општина Свети Николе | Да се внимава на дигиталната компонента да биде застапена | |
| 4. Подобрување на животната средина преку доизградба на речното корито на реката Луда Мара | Да се внимава на дигиталната компонента да биде застапена | |
| 5. Зачувување на животната средина во Вардарски плански регион, преку проширување на канализационата инфраструктура во општина Демир Капија | Да се внимава на дигиталната компонента да биде застапена | |
| 6. Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на пат во општина Чашка | Да се внимава на дигиталната компонента да биде застапена | |
| 7. Подобрување на патната инфраструктура до туристичкиот локалитет Била Зора преку реконструкција на патот Ѓуземелци - Кнежје, општините Лозово | Да се внимава на дигиталната компонента да биде застапена | |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија (сесија 2)

| **Ред бр.** | **Наслов на концептот** | **Носител/Партнер** | **Буџет (МКД)** | **Број на поени** | **Ранг број** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Зајакнување на капацитетите за развој и промоција на туризмот во општините Велес, Градско, Неготино и Росоман | **ЦРВПР/Општините Велес, Градско, Неготино и Росоман** | **33.774.315,00** | **32 поени** | 1 | / |
| **2** | Подобрување на условите за спорт и рекреација во образованието, во општина Свети Николе | **ЦРВПР/ Општина Свети Николе** | **8.000.000,00** | **25 поени** | 2 | / |
| **3** | Развој на инфраструктурата за подобар економски развој во Вардарскиот регион, преку изградба на пазар за продажба на | **ЦРВПР/Општина Лозово** | **8.298.991,47** | **24 поени** | 3 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | земјоделски производи- втора фаза | | | | | |
| **4** | Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на пат во општина Чашка | **ЦРВПР/Општина Чашка** | **10.112.441,88** | **16 поени** | 4 | / |
| **5** | Зачувување на животната средина во Вардарскиот плански регион, преку проширување на канализационата инфраструктура во општина Демир Капија | **ЦРВПР/ Општина Демир Капија** | **8.979.034,92** | **15 поени** | 5 | / |
| **6** | Подобрување на животната средина преку доизградба на речното корито на реката Луда Мара | **ЦРВПР/ Општина Кавадарци** | **36.505.188,00** | **14 поени** | 6 | / |
| **7** | Подобрување на патната инфраструктура до туристичкиот локалитет Била Зора преку реконструкција на патот Ѓуземелци - Кнежје, општина Лозово - втора фаза | **ЦРВПР/ Општина Лозово** | **6.800.000,00** | **14 поени** | 6 | / |

### *1.2.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите*

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии.*

Работата пред и после сесиите беше сведена на активностите на модераторот, ко-модераторот, оперативната група и експертот ангажиран за подготовка на кнцептите.

**Оперативната група** се состануваше пред организирањето на форумската сесија. Овие средби се реализираа и физички и електронски. На состаноците се правеше план за форумот, поделба на обврски, се договараше подготовката на документите потребни за сеисјата, администрацијата на истата и слично. Договорите беа и во делот на мотивацијата на граѓаните за нивно вклучување на форумските сесии, односно нивните активности.

**Останати важни средби**

Редовно се одржуваа средби на модераторот, ко-модераторот, односно координаторот на проектот. На овие средби се правеше план и поделба на обврските за реализацијата на форумските сесии како координирање на процесот, изборот на тимот на Оперативната група, потребните ресурси за процесот, посета на сали кои беа како можни за одржување на форумските сесии и слично. Потоа пред секоја форумска сесија се одржуваше координативен состанок за сесијата која следи.

Координативни состаноци со раководителот на Вардарски плански регион. Координаторот имаше состаноци со раководителот, еден пред почетокот на форумските сесии за запознавање со процесот, и содржината на истиот.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ, РЕШЕНИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Со каков вид проблеми и предизвици се соочуваат во спроведувањето?
Што преземавте за надминување на тешкотиите, кој беше вклучен во решавањето на проблемот, и сл.
Наведете неколку научени лекции како резултат на реализираните активности.

| **Проблеми/ предизвици** | **Преземени активности за нивно надминување** | **Научени лекции** |
|---|---|---|
| | | |

## 3. РЕЗИМЕ

Накратко наведете ги резултатите од форумот, приоритетни проекти, препораките и следните планирани активности поврзани со форумот:

Вардарскиот плански регион има повеќе остварени резултати и придобивки.

Форумот на првата форумска сесија донесе избор на 2 области за најважни во регионот (инфраструктура и економски развој) и плодна дискусија за проблемите и предизвиците во двете области.

При дискутирањето по предложените повеќе од 20 проблеми (24) форумот се забележа дека присутните евидентираа заеднички проблеми и потреби кои се однесуваат на целиот регион, а коментарите, прашањата и дискусиите придонесуваа за подобро утврдување на проблемот и неговата важност.

На втората форумска сесија на форумот му беа презентирани 7 концепти. Концептите ги подготвуваше надворешен експерт кој ги развиваше според утврдените проблеми на претходната сесија и според остварените средби и со градоначалниците. Беа презентирани следните концепти:

- Зајакнување на капацитетите за развој и промоција на туризмот во општините Велес, Градско, Неготини и Росоман
- Развој на инфраструктурата за подобар економски развој во Вардарскиот регион, преку изградба на пазар за продажба на земјоделски производи- втора фаза
- Подобрување на условите за спорт и рекреација во образованието, во општина Свети Николе
- Подобрување на животната средина преку доизградба на речното корито на реката Луда Мара
- Зачувување на животната средина во Вардарскиот плански регион, преку проширување на канализационата инфраструктура во општина Демир Капија
- Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на пат во општина Чашка
- Подобрување на патната инфраструктура до туристичкиот локалитет Била Зора преку реконструкција на патот Ѓуземелци - Кнежје, општините Лозово (фаза 2)

Форумот даде коментари и сугестии за концептите кои при креирањето на проектите експертот ќе ги има во предвид. На овој форум се појавија и нови иницијативи и нови идеи за партнерства и соработка на некои од проектите, но и надвор од овие проекти. Форумот како алатка им донесе можност на општините за проверка и утврдување на проблемите од една страна и за креирање на решенија од друга страна.

Место, ден, месец, година

Велес, 16.12.2022

Модератор

Игор Тасевски



**Прилози:**

*Списоци на учество*

*Записници од форумски сесии*

*Листа на приоритетни проекти и препораки*

*Фотографии*

*Евиденција на медиумски активности (линкови, објави и сл.)*